ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО-ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

**БРОЈ 4 ГОДИНА 32 ДАТА 27.01.2014 ГОДИНА**

## *СОДРЖИНА*

*- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОФС*
*- ОДЛУКИ ОД ОРГАНИТЕ НА ФФМ*

*ПРОПОЗИЦИИ ЗА КУП НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО МАЛ ФУДБАЛ ЗА 2013/2014*



## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ПРИЛЕП

**Седница од 24.01.2014 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК " ШАМПИОНИ" Прилеп: Јосифоски З. Мартин, Столески Г. Стефан, по член 35/1.
ФК "ПОБЕДА ЈУНИОР" Прилеп: Илијовски Ѓ. Ристе од ФК "Хотур" Исланд, чл. 35/11.
Кебакоски М. Дејан од ФК "Кадино" од с. Кадино село и Стомнароски Д. Филип од ФК "Партизан" од с. Обршани, по член 35/3.

*** Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Прилеп, фудбалерите: Здравески Роберто, Петрески Христијан од ФК "Победа Јуниор" од Прилеп, Хасан Ертан од ФК "Шкупи 1927" од Прилеп, Чукалевски Влатко и Цветковски Стефан од ФК "Топочлани" од с. Тополчани, поради преминување со регистрација на теритоирија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Седница од 24.01.2014 година**

*** Раскин на професионален договор:**

ФК "КФГ Гостивар АД" од Гостивар и фудбалерот Талески Д. Даниел го раскинаа договорот за професионлано занимавање со фудбал, Спогодбено.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

**Седница од 24.01.2014 година**

*** Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Кавадарци, фудбалерот Чоков Т. Димитар од КМФ "Црна Река" од с. Возарци, поради преминување со регистрација на теритоирија на друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВЕЛЕС

**Седница од 24.01.2014 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

КМФ "ГЕМИЏИИ" Велес: Чоков Т. Димитар од КМФ "Црна Река" с. Возарци, чл.35/3.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 24.01.2014 година**

*** Склучување на договор за отстпаување:**

ФК "Македонија ЃП 1932" од Скопје, ФК "Победа Јуниор" од Прилеп и фудбалерот Момироски Ренато склучија договор за отстапување со привремна регистрација во времетраење од 6 (шест) месеци до ЛПР 2014 година.

*** Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Скопје, фудбалерите: Бибиќ Афдуљ од ФК "Шкупи" од Скопје и Сулејмани Ардијан од ФК "Макеоднија ЃП 1932" од Скопје, Алили Лиридон и Алији Елмир од ФК "Сарај" од с. Сарај, поради преминување со регистрација на теритиорија на друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ "ГАЗИ БАБА" СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 24.01.2014 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "МЕТАЛУРГ АД" Скопје: Тилев В. Илија, по член 35/1.
Здравески С. Роберто од ФК "Победа Јуниор" од Прилеп и Боневски Ј. Славчо од ФК "Вардар АД" од Скопје, по член 35/3.
ФК "ВАРДАР АД" Скопје: Распашковски В. Васко од ФК "Тетекс АД" Скопје, чл. 35/3.

ФК "ФОРТУНА 2009" Скопје: Демири М. Хасан и Хамзи Р. Мухамед, по член 35/1.
ФК "МЛАДОСТ' Скопје: Зиморкоски Б. Живко од ФК "Илинден" од Скопје, по чл. 35/3.
Давидовски Т. Филип, по член 35/1.
КМФ "СКОПЈЕ 2011" Скопје: Трстена И.Бесник од КМФ "Едро Воља" Воља, Република Албанија, по член 35/11.

*** Склкучување на стипендиски договор**:

ФК "Металург АД" Скопје и фудбалерот Митрев М. Антонио склучија договор за стипендирањее во времетрдаење од 2 (две) години до ЗПР 2016 година.

*** Склучување на договори за привремено отстапување**:

ФК "Металург АД" Скопје, ФК "Победа Јуниор" од Прилеп и фудбалерите: Јанкоски С. Ицко и Талески И. Давор склучија договори за отстапување со привремена регистрација во времетраење од 6 (шест) месеци, до Летен преоден рок 2014 година.

ФК "Металург АД"Скопје,ФК "Кожуф Гевгелија" од с. Миравци и фудб-алерот Цинов В. Костадин склучија договор за отстапување со привремена регистрација во времетраење од 6 (шест) месеци, до летен преоден рок 2014 година.

ФК "Металург АД" Скопје, ФК "Тетекс АД" Тетово и фудбалерот Ристовски Б. Милан склучија договор за отстапување со привремена регистрација во времетраење од 6 (шест) месеци, до Летен преоден рок 2014 година.

ФК "Металург АД" Скопје, ФК "Борец 2009" од Велес и фудбалерот Додевски М. Стефан склучија договор за отстапување со привремена регистрација во времетраење од 6 (шест) месеци, до Летен преоден рок 2014 година.

*** Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС "Гази Баба" од Скопје фудбалерите: Кривањева З. Ердуан од ФК "Скупи Промофот" Скопје, Рамадани Ќ. Беким од ФК "Шкендија" од с. Арачиново, Зендели Ф. Егзон, Јованов Ѓ. Александар од ФК "Металург АД" од Скопје, поради преминување со регистрација на теритоирија на друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

**Седница од 24.01.2014 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "БРУСНИК" с. Брусник: Симиќ Ј. Кристијан од ФК "Поешево"с. Поешево, чл. 35/3

*** Склучување на професионален договор:**

ФК "Пелситер АД' Битола и фудбалерот Мустафов Д. Бурхан склучија професионален договор во времетраење од 2 (две) години до ЗПР 2016 година.

*** Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Битола, фудбалерот Даралиовски М. Оливер, од ФК "Новаци 2005" с. Новаци, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ШТИП

**Седница од 24.01.2014 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "БРЕГАЛНИЦА 2008 АД" Штип: Ѓорѓиев Ѓ. Кристијан, Зафиров Т. Александар, Митровски Г. Бобан, Коцев Р. Стојан, Лазовски В. Давид, Јованхов А. Давид, Георгиев М. Иван, Малинов О. Филип, Грозданов П. Филип, Манев Д. Никола, Жулов М. Филип, Денков Е. Јован, Јорданов В. Бојан, Радевски Т. Филип, Тодоровски И. Стефан, Штерјов Г. Михајло, Ацков Д. Марио, Ѓорѓиев Ѓ. Стефан, Кнали Б. Ален, Коцев Б. Константин, Анѓеов Д. Бобан, Костовски Б. Игор, Петров М .Ване, Николов М. Дарко, Цуцковски З. Леон Гацов М. Ристо, Иванов Р. Мартин, Саздов З. Драган, по член 35/1.
Истатов Г. Мартин од ФК "Академија Постолов" Штип, по член 35/3.
ФК "БАБИ" Штип: Јанев Т. Мартин од ФК "Балкан" Штип, по член 35/3.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА

**Седница од 24.01.2014 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ХОРИЗОНТ ТУРНОВО АД" с. Турново: Карамитров З. Никола, Цикарски З. Орце, Гавровски Ј. Стевчо, Карачанаков К. Зоран, Трајков З. Христијан, Јанев М. Томе, Атанасов З. Љупче, Манолев М. Игор, Јанчев С. Никола, Јанев Н. Роберт, Цветанов А. Дине, Цветанов А. Марјан, Весев И. Иван, по член 35/1.

*** Склучување на професионален договор:**

ФК "Хоризонт Турново АД" од с. Турново и фудбалерот Тенекиџиев Н. Александар, склучија договор за професионално занимавање со фудбал за период од 2 (две) гоидини, до Зимски преоден рок 2016 година.

*** <u>Регистрации кои не се објавуваат:</u>**

Не се објавуваат регистрациите за ФК "Хоризонт Турново АД" од с. Турново на фудбалертитре: Муканов Г. Иван, Савов В. Кирил од ФК "Тиверија" од Струмица, Бабулов М. Илија, Колев Ѓ. Димитар од ФК "Тркања" од с. Г. Балдовци, Зимбаков О. Кирил од ФК "Академија Пандев" од Струмица, Ковачев П. Даниел од ФК "Тиверија" од Струмица, по член 35/3 и фудбалерот Андонов М. Марио од ФК "Малеш 1919" од Берово, по член 35/4, поради тоа што нема напишано дата и месец кога последен пат настапиле фудбалерите за својот поранешен клуб.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ "КИСЕЛА ВОДА" СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 24.01.2014 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "СЛАВИЈА ПРЖИНО" Скопје: Каевски Д. Дарко, Димитриевски Т. Андреј и Диздаревиќ Е. Јасмин, по член 35/1.

Трпковски Б. Влатко од ФК "Драчево" од Скопје, по член 36/1.

Јовановски Л. Ѓорѓи од ФК "ФЦУ 55" од Скопје, по член 35/4.

*** <u>Регистрации кои не се објавуваат</u>**:

Не се објавуваат регистрациите за ФК "ССК Младинец" од Скопје на фудбалерите: Бакијов К. Ермин, Сали М. Седат, Бакиовски А. Јасин и Сали Т. Ибраим, по член 35/1 поради тоа што пријавите за регистрација на фудбалерите не се во согласност со Одлуката на Управниот одбор на ФФМ (доставени се стари обрасци).

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ РЕСЕН

**Седница од 23.01.2014 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "МЛАДОСТ Ц.Д." с. Царев Двор: Даралиовски М. Оливер од ФК "Новаци 2005" од с. Новаци, по член 35/3.

*** <u>Регистрации кои не се објавуваат:</u>**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Пановски Б. Николче од Фудбалскиот кклуб "Новаци 2011" од с. Новаци, по член 35/3, бидејќи рокот на важноста на лиичната карта е истечен.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГЕВГЕЛИЈА

**Седаница од 24.01.2014 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "КОЖУФ ГЕВГЕЛИЈА" с. Миравци: Илиќ М. Никола, Колевски Ѓ. Кристијан и Тодоров Б. Крсте од ФК "Тиверија" Струмица, Костадинов Ж. Никола од ФК "Валандово" Валандово, Максимов А. Борче од ФК "Слога 1934" Виница по член 35/3.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КОЧАНИ

**Седница од 22.01.2014 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

КМФ "КОЧАНИ" Кочани: Петров Љ. Славчо, Нанев П. Владимир од КМФ "Велес" по член 35/3.

*** Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Кочани фудбалерите: Максимов А. Борче и Димитров Г. Давид од ФК "Слога 1934" од Виница и Цветанов З. Стефанчо од ГФК "Осогово" од Кочани поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВАЛАНДОВО

**Седница од 17.01.2014 година**

*** Регистрција на фудбалери:**

ФК "МЛАДОСТ' с. Удово: Реџепов Н. Денис од ФК "Партизан Баш" Башибос, чл. 35/3.

ФК "МЛАДОСТ МФКУ" с. Удово: Стојанов Душан, Кокалански З. Методија, Личнов Н. Роберт, Личнев Н. Ристо, Коцев Б. Иван, Петров М. Атанас, Танчев И. Даниел, Ташевски Д.Дарко, Тасевски З.Горан, Мицев Ј.Александар, Стојчев Н. Митко, Ристовски А. Живко, Ристовски А. Жарко, Пеов С. Стојанчо, Трајков Б. Митко, Јововиќ И. Стефан и Московски Б. Тодор, по член 35/1.

Управен одбор 2014 година

Врз основа на член 58 став 4 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 23.01.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се потврдуваат одлуките донесени од Комитетот за итност на ФФМ на седниците одржани на ден 26.12.2013, 16.01.2014 и 21.01.2014 година:

- 02-2018/1 од 26.12.2013 година за доделување на еднократна парична помош;
- 02- 85/1-1 од 16.01.201 година за утврдување на промени во формуларот-Записник за натпревараи во мал фудбал;
- 0203-98/1-1 од 21.01.2014 година со која е констатирана промена во називот на ФК Миравци од с.Миравци;
- 0203-98/1-2 од 21.01.2014 година со која е констатирано промена во називот на ФК Корзо од Прилеп;

2. Одлуката стапува на сила со денот на донесување

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ Макфудбал.

## Образложение

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 23.01.2014 година ги разгледа и ги потврди одлуките на Комитетот за итност неопходно донесени помеѓу две седници на Управен одбор.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-155/1-2

Врз основа на член 56 став 1 и 2 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 23.01.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се менуваат и дополнуваат одредбите на Правилникот за организација на ФФМ:

а) Се менува член 6 став 1 алинеа 9 и истата гласи:

- назначува заменик Генерален секретар

б) По член 7 се додава нов член

7-а и истиот гласи:

„Потпретседателот на ФФМ ги има следните надлежности:

- со овластување на Претседателот на ФФМ во случај на негово отсуство претседава со седниците на Управниот одбор на ФФМ

- ги потпишува одлуките и актите донесени од страна на Управниот одбор кога истиот претседава со седниците на Управниот одбор на ФФМ

- учествува во работата на Комитетот за итност

- извршува работи делегирани од Претседателот

- предлага заменик Генерален секретар

- врши и други работи определени со Статутот и други прописи на ФФМ

- за својата работа одговара пред Претседателот на ФФМ и Управниот одбор

в) Член 33

Се врши измена и дополнување на став 2 и истиот гласи:

„При итно постапување, во случај на недостапност на претседавачот-заменик претседавачот, било кој член на органот/телото или Генералниот секретар може да свика состанок преку администраторот на органот/телото"

г) Член 41

Во член 41 став 1 се додава нова алинеа 2 која гласи:

- „при итно постапување, во случај на недостапност на претседавачот-заменик претседавачот, Генералниот секретар може да закаже седница на соодветното тело вклучувајќи ги и правните органи дефинирани во статутот на ФФМ"

д) Член 42

Се врши измена и дополнување на став 1 и истиот гласи:

„Заменик Генералниот секретар го назначува Претседателот на ФФМ".

2. Одлуката стапува на сила веднаш
3. Оваа измена е составен дел од интегралниот текст на правилникот.
4. Одлуката и интегралниот текст на правилникот да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 23.01.2014 година направи измени и дополнувања на Правилникот за организација на ФФМ во делот на надлежностите на потпретседателот на ФФМ и Генералниот секретар.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Управен одбор 2014 година

Врз основа на член 56 став 1, во врска со член 9 од Правилникот за натпреваруавање на Фудбалската Федерација на Македонија, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 23.01.2014 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се усвојуваат Пропозициите за КУП натпреварување во мал фудбал за сезона 2013/14 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш.

3. Одлуката и Пропозициите да се објават во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ, на седницата одржана на ден 23.01.2014 година на предлог на Комисијата за мал фудбал ги усвои Пропозициите за КУП натпреварување во мал фудбал за сезона 2013/14 година.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-155/1-4

Управен одбор

Врз основа на член 56 од Статутот на ФФМ а во врска со член 65 и 66 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во Прва и Втора МФЛ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 23.01.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се утврдува наплатата на паричните казни за клубовите од Прва и Втора МФЛ од натпреварувачката 2013/2014 година да се извршува од средствата уплатени по основ котизација за учество во соодветното натпреварување.

2. Примената на точка 1 од оваа одлука се однесува само на достасаните побарувања по основ на изречени парични казни.

3. Средствата наплатени од котизацијата по основ предвиден во точка 1 и 2 од оваа одлука клубовите имаат обврска да ги надоместат
   - за пролетниот дел од првенството најдоцна до 25.06.2014 година

4. За непочитување на т.3 од оваа одлука соодветно се применуваат одредбите на Дисциплинскиот правилник и Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во Прва и Втора МФЛ.

5. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.

6. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ-Макфудбал.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ, на состанокот одржан на 23.01.2014 година, во врска со регулирање на достасаните парични обврски на клубовите од Прва и Втора лига во насока на одржување на интегритетот на натпреварувањето донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател,

Илчо Ѓоргиоски

Деловоден број 0202-155/1-5

Управен одбор

Врз основа на член 56 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 23.01.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Фудбалерите кои заминуваат од прва и втора МФЛ а се регистрираат за клуб од трета (регион) или четврта (општинска) лига имаат обврска да останат во новиот клуб најмалку една година од денот на регистрацијата односно до првиот ден на предметниот преоден рок за фудбалери кои заминале во преоден рок.
2. Правилото од точка еден на оваа одлука ќе се применува и за фудбалери кои преминуваат во клубови кои имаат само младински екипи во сезоната 2013/14 година.
3. Фудбалерот кој направил трансфер опишан во точка 1 и 2 на оваа одлука може да замине и пред истекот на предвидениот рок во следните случаи:
   - доколку се регистрира за клуб во трета или четврта лига каде има обврска да остане до истекот на предвидениот рок
   - доколку новиот клуб (од прва или втора лига) плати надоместок за премин на клубот од каде фудбалерот заминал во третата односно четвртата лига согласно одлуката за утврдување на надоместоци за премин од клуб во клуб на ФФМ.
   - доколку клубот од каде фудбалерот заминал во третата односно четвртата лига писмено се изјасни дека се откажува од побарувањето.
4. За непочитување на оваа одлука фудбалерот и новиот клуб одговараат согласно актите на ФФМ а новиот клуб покрај дисциплинската одговорност сноси и натпреварувачки последици.
5. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.
6. Со донесување на оваа одлука престанува да важи одлуката донесена од Комитетот за итност број 02-5/2 од 03.01.2012 година објавена во Макфудбал
7. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ-Макфудбал.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ, на состанокот одржан на 23.01.2014 година, со цел спречување на можноста за изигрување на правилото за плаќање на надоместок за премин од клуб во клуб според кое за премин од прва и втора лига во трета и четврта лига не се плаќа надоместок за премин на фудбалери донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател,

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-155/1-6

Врз основа на член 56 став 1, во врска со член 24 став 2 и член 59 став 3 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 18.12.2013 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се усвојува Правилникот за организација на Фудбалската федерација на Македонија.
2. Правилникот стапува на сила на денот на неговото донесување.
3. Со стапувањето на сила на Правилникот за организација на Фудбалската федерација на Македонија престанува да важат актите со кои се уредуваат прашањата за организација на Фудбалската федерација на Македонија.
4. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ, на седницата одржана на ден 18.12.2013 година го усвои Правилникот за организација на ФФМ во кој е утврдена внатрешната организација на Фудбалската Федерација на Македонија, структурата, видовите на организациони облици, нивниот делокруг на работа, раководењето со организационите облици и начинот на работа.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 02-1975/1-7

Врз основа на член 56 став 1 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 23.01.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. СЕ УСВОЈУВА извештајот на Дисциплинскиот инспектор на ФФМ за есенскиот дел од натпреварувачката 2013/14 година.

2. Оваа одлука стапува на сила веднаш по усвојувањето на седницата на Управниот одбор.

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

## Образложение

Управниот одбор на ФФМ на својата седница одржана на 23.01.2014 година го разгледа и усвои извештајот на Дисциплинскиот инспектор на ФФМ за есенскиот дел од натпреварувачката 2013/14 година.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-155/1-8

Врз основа на член 56 став 1 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 23.01.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се назначува Вујадин Станојковиќ за селектор во млади категории

2. Оваа одлука стапува на сила веднаш по усвојувањето на седницата на Управниот одбор.

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

## Образложение

Управниот одбор на ФФМ на својата седница одржана на 23.01.2014 година по дадената оставка на еден селектор во млади категории донесе одлука да го назначи Вујадин Станојковиќ за селектор во млади категории.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-155/1-9/3

Врз основа на член 56 став 1 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 23.01.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се назначува Зоран Левески за селектор во Репрезентацијата „до 21 година" во мал фудбал.

2. Оваа одлука стапува на сила веднаш по усвојувањето на седницата на Управниот одбор.

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

## Образложение

Управниот одбор на ФФМ на својата седница одржана на 23.01.2014 година го назначи Зоран Левески за селектор во Репрезентацијата „ до 21 година" во мал фудбал.

**Претседател,**
Илчо Ѓоргиоски

Деловоден број 0202-155/1-9/4

2

Управен одбор 2014 година

Врз основа на член 56 став 1 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 23.01.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се назначува Горан Пандилов за тренер на голмани во стручниот штаб на „А" Репрезентацијата во мал фудбал и Репрезентацијата „до21 година " во мал фудбал.

2. Оваа одлука стапува на сила веднаш по усвојувањето на седницата на Управниот одбор.

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

## Образложение

Управниот одбор на ФФМ на својата седница одржана на 23.01.2014 година го назначи Горан Пандилов за тренер на голмани во стручниот штаб на „А" Репрезентацијата во мал фудбал и Репрезентацијата „до21 година " во мал фудбал.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-155/1-9/5

Управен одбор 2014 година

Врз основа на член 56 став 1 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 23.01.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се назначува Белевски Томислав за член на Редакцискиот одбор на „Макфудбал"

2. Оваа одлука стапува на сила веднаш по усвојувањето на седницата на Управниот одбор.

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

## Образложение

Управниот одбор на ФФМ на својата седница одржана на 23.01.2014 година поради подолго отсуство на еден од членовите на Редакцискиот одбор на „МАкфудбал"го назначи Белевски Томислав од ОФС Скопје за нов член на Редакцискиот одбор на „Макфудбал".

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-155/1-9/7

3

Управен одбор 2014 година

Врз основа на член 56 став 1 и 2 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 23.01.2014 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се менуваат одредбите од член 49 од Правилникот за натпреварување на ФФМ и тоа:

**- став 1** со точките 1,2,3 и 4 се менува и гласи:

Фудбалерите кои по основ на извршена регистрација стекнале право на настап за својот клуб, можат да настапуваат за соодветната екипа на клубот согласно критериумите определни со Пропозициите на соодветното натпреварување.

- став 2 со точките 1,2 и 3 се брише

- ставовите 3,4 и 5 последователно го менуваат редоследот во:2,3 и 4

2. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ со цел усогласување на прописите кои се однесуваат на возрасната граница за поедини млади категории на фудбалери донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-155/1-9/8

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

# ПРОПОЗИЦИИ

## за КУП натпреварување во мал фудбал за натпреварувачката 2013/2014 година

Скопје, јануар 2014 година

Врз основа на член 9 став 1 од Правилникот за натпревари, Управниот Одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на ден 23.01.2014 година донесе:

# ПРОПОЗИЦИИ
# ЗА КУП НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО МАЛ ФУДБАЛ НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

## Член 1

Фудбалскиот куп во мал фудбал на ФФМ е редовно натпреварување.
Во фудбалскиот куп во мал фудбал на ФФМ задолжително учество имаат сите сениорски екипи вклучени во системот на натпреварување во Прва и Втора лига во мал фудбал во Фудбалската Федерација на Македонија .

## Член 2

Бројот на екипите и начинот на куп натпреварувањето го утврдува Комисијата за мал фудбал на ФФМ.
Во натпреварувачката 2013/14 во КУП натпреварувањето во мал фудбал учествуваат:

| Клуб во мал фудбал (КМФ) Прва лига | место |
|---|---|
| Биџо | Куманово |
| Велес | Велес |
| Железарец | Скопје |
| Јувентус Серава | Скопје |
| Мал Ајакс | Штип |
| Ројал Илиред | Куманово |
| Сее Универзитет | Тетово |
| Скопје 2011 | Скопје |
| Црна Река | Кавадарци |
| Шкендија | Тетово |

| Клуб во мал фудбал(КМФ) Втора лига | место |
|---|---|
| Алгомак Овче Поле АДМ | Свети Николе |
| Гемиџии 1903 | Велес |
| Куманово 2013 | Куманово |
| Кочани | Кочани |
| Рудник Саса | Македонска Каменица |
| Фифи 75 | Пробиштип |
| Хедис | Скопје |
| Цико | Стојаково |

**Член 3**

Натпреварувачките парови за КУП натпреварувањето се извлекуваат по пат на жреб по Бергеров систем пред одигрување на наредниот круг натпревари. Домаќин е клубот со помалиот натпреварувачки број.
Екипите броевите ги извлекуваат по азбучен ред.
Клуб кој се стекнал со право да се натпреварува во 8/финалето во случај на откажување од натамошниот тек на натпреварувањето му се одземаат 3 (три) бодови во рангот на натпревари во кој што се натпреварува.

**Член 4**

Фудбалскиот куп во мал фудбал на ФФМ се игра по следниот редослед:

1. Натпреварите се играат по еднострук систем односно еден натпревар.
Во случај на нерешен резултат веднаш се поминува на изведување пенали за добивање победник според Упатството на Меѓународниот БОРД за добивање победник кој оди во следниот круг со исклучок на финалниот натпревар каде се игра продолжение од два пати по пет минути а потоа се преминува на изведување на пенали во случај на понатамошен нерешен резултат.

2. Во првиот круг сите учесници извлекуваат броеви а се натпреваруваат два пара – екипите кои ќе ги извлечат натпреварувачките броеви 1 -18 и 2-17.
Победниците одат во вториот круг (8/финале)
Екипите кои ги имаат натпреварувачките броеви 17 и 18 можат да се откажат од куп натпреварувањето најдоцна 3(три) дена пред почеток на натпреварот од првиот круг.
Во случај и двете екипи да се откажат пред одигрување на првиот круг ,првиот круг започнува со 8/финале.
3. Во вториот круг (8/финале) учествуваат победниците од првиот круг и сите останати екипи кои не се натпреварувале во првиот круг. Се играат вкупно 8 натпревари
Победникот од парот 1-18 го носи натпреварувачкиот број 1, а победникот од парот 2-17 го носи натпреварувачкиот број 2.

4. Во третиот круг(4/финале) учествуваат победниците од натпреварите во вториот круг. Се играат вкупно 4 натпревари.

5. Победниците од четвртфиналните натпревари се пласираат во полуфиналето на Купот

6. Во финалето учествуваат победниците од двата полуфинални натпревари.

**Член 5**

Натпреварите се одигруваат на терени во спортски сали примени од орган на ФФМ согласно Правилникот за инфраструктура и стадиони на ФФМ за одигрување на натпревари во првата и втората лига.

**Член 6**

Трошоците на службените лица ги плаќа ФФМ.

**Член 7**

Финалниот натпревар се игра во организација на ФФМ.
Управниот одбор на ФФМ на предлог на Комисијата за мал фудбал го одредува местото и времето на одигрување на натпреварот.

**Член 8**

Победникот на финалниот КУП натпревар го освојува пехарот кој останува во трајна сопственост на победникот.
Фудбалерите на двете екипи, стручните штабови 2 x 21, судиите, контролата на судењето, делегатот и мерачот на време од финалниот натпревар, добиваат соодветни медаљи за учество на финалниот куп натпревар.

**Член 9**

Сите телевизиски и други права од финалниот натпревар ги има Фудбалската Федерација на Македонија.

Приходот од влезниците од финалниот натпревар се дели на три (3) дела, рамноправно на двата клуба финалисти и на ФФМ, откако ќе се одбијат сите направени трошоци околу организацијата на финалниот натпревар.

ФФМ може да договори отстапување на организацијата на финалниот куп натпревар на трето лице .

Распределбата на гратис влезници се прави во договор со финалистите.

**Член 10**

Во случај на направена материјална штета од навивачките групи, истата целосно ја сноси клубот организатор на навивачките групи за што се составува записник на кој присуствуваат овластени лица од ФФМ.
За евентуално несогласување со ваквиот записник, екипата може да побара увид на штетата на лице место со свој претставник.

**Член 11**

За се што не е предвидено со овие Пропозиции ќе се применуваат одредбите на Правилникот за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија и останатите применливи прописи на ФФМ.

Толкување на овие Пропозиции дава Управниот Одбор на Фудбалската Федерација на Македонија.

**Член 12**

Овие пропозиции влегуваат во сила со денот на донесување.

Претседател на ФФМ
Илчо Ѓорѓиоски

Скопје, 23.01.2014

***СТРУЧНО ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ "МАКФУДБАЛ"***
*е стручно информативен лист на*
*ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА*
*излегува секој ПОНЕДЕЛНИК во неделата*

***Адреса: ФУДБАЛКСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА***
*Ул. "8-ма Ударна Бригада" бр. 31-а*
*ПОШТЕНСКИ ФАХ 84*
*1000 СКОПЈЕ*
*со ознака "ЗА МАКФУДБАЛ"*

*ЖИРО СМЕТКА*
***ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА***
*200002504170131- Стопанска банка АД Скопје*
*300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје*
*Даночен број 4030992177382*

***РЕДАКЦИСКИ ОДБОР НА "МАКФУДБАЛ"***